РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 04.10.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4127/1 | | |


**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје
3. **Период опфатен со надзорот:** 5 септември 2024 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 октомври 2024 година
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица)
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.138/24);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа)

6. **Претходно изречена мерка:** нема
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, емитуван на 5 септември 2024 година, на државно ниво, е **констатирано прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (објави на програмите), емитуваните промотивни најави за играната програма, серијалот - „Doktori i mrekullive (Чудесниот доктор)" не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува.

**5.9.2024**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** |
| „Doktori i mrekullive (Чудесниот доктор)" -серијал | 00:03:31<br>01:45:07<br>03:42:55<br>05:15:04<br>06:11:36<br>07:05:46<br>07:56:37<br>09:58:58<br>10:53:16<br>11:28:30<br>12:16:42<br>14:33:38<br>15:24:38<br>16:04:58<br>17:31:39<br>17:55:06<br>19:59:16<br>20:58:52<br>22:33:36 | 00:04:44<br>01:46:18<br>03:44:08<br>05:16:16<br>06:12:48<br>07:06:58<br>07:57:49<br>10:00:09<br>10:54:30<br>11:29:42<br>12:17:54<br>14:34:50<br>15:25:51<br>16:06:10<br>17:32:51<br>17:57:12<br>20:00:27<br>21:00:02<br>22:34:47 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** телевизискиот програмски сервис на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, на 5 септември 2024 година, не

ги означи промотивните најави за играниот серијал – „Doktori i mrekullive (Чудесниот доктор)” со сигнализацијата за заштита на малолетните лица.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи – во рок од 20 (дваесет) дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***